Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-1885/1
датум 13-07-2023

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО ОСНОВЕН СУД БЕРОВО

Министерството за правда на ден 01.06.2023 година во 11,00 часот, согласно Планот за надзор бр. 08-978/2 04.04.2023 година го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети во 2021 и 2022 година.

Претходно со писмо бр. 08-1347/1 од 11.05.2023 година од судот беше побарано за увид да биде обезбедена документација цитирана во писмениот допис.

Надзорот започна со интервју со ВД Претседателот на судот Дарко Ристов кој е делегиран судија од Основниот суд Кочани, во јули 2022 година. Во судот вработени се 22 лица заедно со ВД Претседателот на судот и тоа: стручни соработници 2, од кои едниот е пред пензија, судија 1, сметководител 1, дактилографи 5, 6 доставувачи, судска полиција 6 и домаќин. По систематизација се предвидени 3 судиски места. Во судот нема судски администратор со оглед на тоа што се работи за суд со основна надлежност. Исто така, во судот нема информатичар од 1 јули 2021 година.

Во текот на надзорот беше присутен Зоран Николовски, информатичар вработен во Основниот суд Делчево кој беше повикан да присуствува за време на надзорот. Во судот нема уписничар, а уписниците ги водат дактилографи. ВД Претседателот не информира дека за две унапредувања била добиена согласност, но истите не биле реализирани, во период кога претседатели на судот биле Илија Стојанов и Ленка Симовска.

Исто така во 2020 година биле одобрени 2.000 000 денари за реновирање на зградата на судот, но истите не биле искористени од страна на поранешниот претседател на судот Ленка Симовска.

Во 2021 година им биле доделени парични средства во вредност од 15 илјади евра за набавка на службено возило, но поранишниот претседател Ленка Симовска не го

реализирала тендерот за набавка на возило, поради што судот нема службено возило и на увид се оди со приватно возило на судијата. Судот има потреба од реновирање од причина што покривот прокиснува и подрумот се полни со вода при врнежи од дожд каде што е сместена архивата на судот.
Комисијата за надзор не може да даде препорака за утврдување на одговорност на поранешниот претседател на судот Ленка Симовска од причина што истата е во пензија. ВД Претседателот на судот наведе дека неможе да најдат фирма за да изготви предлог пресметка за трошоците потребни за реновирање на покривот на судот. Судот нема табла на влезот за странки. Знамето е истакнато од задната страна на судот кое е потребно да се премести на предната страна. Зградата е стара, одржувана, но неможе да се обезбеди добро загревање, бидејќи не се одобруваат доволно сретства за набавка на нафта.
Во судот има две судници, од кои едната се користи како архива. Тонското снимање не функционира.

***ПРЕПОРАКА: Веднаш да се преземат мерки за стартување на тонското снимање.***

Во однос на архивата, истата е излачена од 1946-1965 година. Предметите од последните години, тековно ги излачуваат. Архивата мора да се реновира бидејќи често се поплавува поради што е оштетена. Во архивата нема нотарски предмети. Има потреба од метални ормари и соодветен простор.
Судот е ажурен, совладан е заостатокот на нерешени предмети. ВД Претседателот на судот суди секој втор ден во неделата а следниот ги пишува предметите. Веднаш по делегирањето ги насрочил сите предмети на кои им претела застареност и од неажурен судот станал ажурен суд. Истакна дека е проблем тоа што во однос на патните трошоци му се надомесуваат трошоци во висина на автобуска карта, меѓутоа јавен превоз нема од Кочани до Берово, поради што е принуден да доаѓа на работа со свое возило.

***ПРЕПОРАКА: Да се унапредат дактилографите кои работат како уписничари во судот и останатите судски службеници кои исполнуваат услови согласно систематизацијата.***

***ПРЕПОРАКА: Судскиот буџетски совет на седница да го разгледа проблемот со висината на патните трошоци и можност за нивно зголемување кога постои ваква ситуација.***

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

1. **Судски администратор (член 60 од СД)**

Во судот нема судски администратор бидејќи се работи за суд со основна надлежност.

2. **Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД).**

Надзорната комисија беше известена дека во судот нема вработено- информатичар. Зоран Николовски-информатичар кој е вработен во Основниот суд Делчево беше повикан на денот на надзорот и истиот изјави дека доаѓа еднаш годишно додека се изработуваат годишните планови и процедури. Распределба и прераспределба на предмети се врши од страна на уписничарите во судот.

***ПРЕПОРАКА:** Да се вработи информатичар во судот, согласно систематизацијата.*

3. **Годишниот распоред за работа на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура, за последните две годин, дали се донесени до 31.12 и колку пати се менувани и дали е запазена процедурата (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД).**

Во судот се изготвуваат годишни распореди и комисијата изврши увид во Годишен распоред за работа на судии, Су бр. 04-82/2020 од 29.12.2020, Су бр. 04-127/21 од 29.12.2021 и Су 03 бр. 6/23/од 16.01.2023 година. Со оглед дека има само еден судија во судот сите предмети се насочени кон тој судија и нема измени на годишниот распоред на судии.

4. **Одлука за формирање на работно тело за управување со движењето на предметите во судот, (член 6 од ЗУДПС и член16 СД).**

Во моментот нема работно тело бидејќи има само еден судија. Во претходниот период додека биле двајца судии работното тело било формирано и функционирало. Направен е увид во Одлуката за формирање на работно тело Су бр. 2/20.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

5. **Претседателот на судот на предлог на работното тело донесува внатрешни процедури за управување со движењето на предметите во судот, (член 4 и 7 од ЗУДПС и член 16 од СД.)**

Комисијата беше известена дека во судот не се изработени внатрешни процедури за управување со движење на предметите, и по истите неможе да се постапува бидејќи во судот нема информатичар за да се креираат извештаи.

6. **Годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување за создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување застој на движењето на предметите во судот, за 2021 и 2022 година. (член 4 и 7 од ЗУДПС и член 16 од СД).**

Во судот е изготвен акционен план за намалување на заостатокот на нерешени предмети, Су 04-95/21 од 20.10.2021. Неможе да се следи исполнувањето на акциониот план и да се подготвуваат месечни извештаи, бидејќи судот нема информатичар.

7. **Службени белешки од извршен редовен и вонреден надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот (согласно членот 17 од Судскиот деловник), за 2021 и 2022.**

Во судот има само еден судија кој е ВД Претседател на судот, поради што нема на кого да врши надзор.

8. **Надзор над работата на нотарите(член 17 СД)**

ВД Претседател на судот ја информираше комисијата дека во август 2022 година одржал два состанока со нотарите, затоа што имало заостаток од нерешени оставински предмети, вкупно 500. По одржаните состаноци со нотарите за три месеци бил намален заостатокот на оставински нерешени предмети на 150 предмети.

9. **Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници.**

Нема записници од одржани седници од причина што во судот има само еден судија.

ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

10. **Извештаите на повисокиот суд за работата на основниот суд за контролираниот период, (член 25 СД).**

    Во октомври имало посета од страна на повисокиот суд по што бил доставен извештај за извршената посета.

11. **Месечни извештаи на работното тело во судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалувањето на заостаток на нерешени предмети и застој на движењето на предметите во судот, доставени до претседателот на судот, (член 7 став 1 алинеја 3 од ЗУДПС).**

    Месечни извештаи на работното тело биле изготвувани до 31.12.2021 година. (пр. Су 03-54/20 од 13.02.2020) односно додека имало работно тело и информатичар во судот.

12. **Објавени правосилни судски одлуки на веб-страницата на судот за контролираниот период, број (член 9 од ЗУДПС).**

    Надзорната комисија беше информирана, дека во судот се објавуваат анонимизирани одлуки на судскиот веб портал и тоа: во 2021 година се објавени 157 анонимизирани одлуки, а во 2022 година се објавени 122 анонимизирани одлуки.

13. **Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за последните две години, (116 СД).**

    Месечни распореди не се изготвуваат бидејќи ВД Претседателот на судот не користи одмор.

14. **Утврден список на кориснички групи со степен на достапност до АКМИС за секој судија и судски службеник, за контролираниот период. (член 4 од ЗУДПС).**

    Во моментот на надзорот немаше список на кориснички групи со степен на достапност до АКМИС за секој судија и судски службеник, за контролираниот период бидејќи во судот нема информатичар.

    Безбедноста е решена на различни нивоа за најава на системот. Секој корисник во АКМИС-от се најавува со свое Корисничко име и Лозинка.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

15. **Канцеларија за односи со јавноста, (член 97 од ЗС).**

Канцеларија за односи со јавноста има и задолжено лице е Ванчо Карамански, стручен соработник.

16. **На кој начин, најмалку еднаш годишно, судот ја информира јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите.**

На веб страната на судот е објавен годишниот извештај за работа на судот, а додека имало судски информатичар биле објавувани и месечните извештаи се до 31.12.2022 година.

17. **Формирана служба за информатика како посебна организациона единица.**

Во судот нема служба за информатика како организациона единица.

18. **Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за последните две години.**

Во судот нема одлуки за исклучување на судии од распределба на предмети, претходно имало во случај на пензионирање на судија.

19. **Одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за последните две години.**

Комисијата беше информирана дека нема одлуки за изземање на судии во контролираниот период.

20. **План за годишен одмор на судиите, за последните две години.**

Нема план за годишен одмор на судиите. ВД претседателот не користи одмор.

21. **Сите одлуки за рачна распределба на предмети, од АКМИС за последните две години.**

Сите предмети се распределуваат преку АКМИС, упатени кон еден судија.

Претседателот на судот ги извести членовите на Надзорната комисија дека нема одлуки за рачна распределба на предмети.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

22. **Преглед на информатичката опрема со која располага судот.**

На Надзорната комисија и беше доставен на увид Список на информатичка опрема со која располага Основниот суд Берово. Бевме информирани дека во судот е доставен нов сервер кој ги задоволува потребите на судот. Резервните копии за заштита на податоците во судот се прави автоматски и тоа: резервна копија локално во судот, резервна копија на централна локација и резервна копија на ленти.

Исто така, комисијата беше информирана дека судот има потреба од нови персонални компјутери и скенери за непречено функционирање.

***ПРЕПОРАКА: Потребно е веднаш да се набават персонални компјутери и скенери за потребите на судот.***

23. **Дали во судот се формирани судски оддели кои и со кои судии и претседатели на суд.**

Нема судски оддели во судот.

24. **Статистички извештаи за работа на судот доставени до ССРСМ член 84 СД) треба да содржи и анализа на начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети.**

Статистички извештаи биле испраќани до ССРСМ до 31.12.2022 година, додека судот располагал со информатичр.

25. **Судски администратор (60 СД) дали извршил распоред на вработени во судската служба со определување на нивна замена во случај на отсуство.**

Нема судски администратор, бидејќи е суд со основна надлежност.

26. **Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, соодветно на нивната работа за контролираниот период (член 61 СД) На увид.**

Списокот на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи не беше ставен на увид на денот на надзорот за контролираниот период.

27. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД).**

Беше истакнато, дека во судот нема организирана и систематска обука на вработените за работење во АКМИС-от.

***ПРЕПОРАКА: Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континурана обука за ИКТ технологијата за вработените во судот преку Академијата за обука на судии и јавни обвинители.***

28. **Формиран оддел за судска практика во судот (74)**

Судот е со основна надлежност истиот има само еден судија и нема оддел за судска пракса.

29. **Простории за судии поротници и за адвокати (120 СД)**

Нема простории за судии поротници и адвокати.

30. **Огласна табла на судот( 122 СД )**

Во судот има огласна табла на главниот влез за странки.

31. **Достава на извештај за реализација на програма за работа најдоцна до 1 март до Судски совет, од страна на претседател на суд.**

Не се доставува Извештај, бидејќи нема информатичар во судот..

32. **Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот.**

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2021 и 2022 година. Сите уписници кои се користат во судот се: К, ЗАМ-К, КР, ППОВ, КС, МАЛВП, ВПП, О, ПОМ-СЕК, КПОВ, УПП, РО, ОИД, ПЛ, ОДС, КУИКП, ИПРК, ППНИ, СУ, ЗАВ, ЗАВ Х, СУ-СТР-ДОВ, ЗАМ-С, О1, П1, П3, ВПП1, ВПП2, ПРК-О, П4, ПЛ1-П,СУ-ДОВ, П2, ИКП,К-ПП,СУ,СУ-ИЗЗ, КС-КР, УО, ИДС, ИОИП, ИПК, ИСАМ, ПК, ПЛПОВ, ПРК-Ј, ПРК-ПОВ, ПРК-Р, ПРК-С, РВПП, П5 и ИСАМ-Д.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

По уписниците постапува само еден судија кој е делегиран од Основниот суд Кочани како ВД Претседател на судот и распределбата се движи кон него, преку АКМИС.

Уписниците од Судска управа по кои постапува претседателот на судот се водат во АКМИС, но исто така и актите се изготвуваат во АКМИС.

**33. Скенирање на влезни документи**

За контролираниот период комисијата беше информирана дека сите документи се скенираат.

**34. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување).**

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14.00 часот, а итните предмети се распоредуваат веднаш.
Исто така, од страна на Комисијата за време на надзорот беа побарани по случаен избор на увид следните предмети: К5/21 кој е примен на 04.01.2021 година во судот, распределен преку АКМИС истиот ден и примен од страна на судијата на 05.01.2021 година. К3/22 кој е примен на 02.02.2022 година во судот, распределен истиот ден и примен од страна на судијата 04.02.2022.
Предметот П1-8/22 е примен на 04.10.2022 година во судот, автоматски распределен истиот ден и примен од страна на судијата на ден 05.10.2022 година. П1-9/22 примен на 05.10.2022, а кај судијата е примен на 06.10.2022 година.
Забележана е автоматска распределба на ист датум (05.10.2022).

**35. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Надзорната комисија беше информирана дека електронското прифаќање на предметите од страна на судијата се врши редовно, преку АКМИС.

**36. Уписници што се водат во хартиена форма**

Надзорината комисија беше информирана дека сите уписници се водат во електронска форма.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

37. **Број на предмети со датум на заведување затекнати на денот на увидот, нераспоредени.**

Немаше нераспределени предмети на денот на надзорот.

Увидот заврши на ден 01.06.2023 во 14.30 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk